Комисија за спречување и заштита
од дискриминација
Бр. 0801-3/4
21.06 202 1 год.
СКОПЈЕ

Постапувајќи по претставка бр. 0801-3/1 од 15.02.2021 поднесена од [redacted] од [redacted], општина [redacted] против МВР, ОВР Струмица за сторена дискриминација врз основа на вера, раса и политичко уверување, во областа на личниот и општествениот статус. Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1 точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 17.06.2021 го донесе следново

**М И С Л Е Њ Е**

**НЕ СЕ УТВРДУВА** ИЗВРШЕНА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основа на националност, политичка определба, расна или друга карактеристика во областа на личниот или општествениот статус од страна на Министерството за Внатрешни Работи - ОВР Радовиш.

**О б р а з л о ж е н и е**

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 15.02.2021, беше доставена претставка за заштита од дискриминација од страна на подносителот: [redacted] од [redacted] општина [redacted], со место на живеење на [redacted] општина [redacted], против МВР, ОВР Радовиш.

Во претставката подносителот [redacted], наведува дека врз него, како советник од редовите на партијата [redacted] совет на општина [redacted], со работно место [redacted] во [redacted], е сторена директна дискриминација врз основа на етничка, расна или политичка припадност од страна на припадниците на МВР, ПО за БПС при ОВР Радовиш. Согласно наводите во претставката подносителот тврди дека: полициските службеници во Полициското одделение за патниот сообраќај при ОВР Радовиш, на тенденциозен, пристрасен и селективен начин, злоупотребувајќи ги своите полициски надлежности и овластувања, спротивно на законот, полицискиот кодексот на однесување на припадниците во МВР и другите позитивни акти во МВР, вршеле зачестени контроли врз него и неговите блиски, заплашувања и притисоци, со што му нанеле психичко вознемирување, трауми и немир. Подносителот [redacted] во представката наведува и смета дека таквите несакани однесувања од страна на припадниците на МВР, започнале од како дошло до политички разлики во советот на општината [redacted], помеѓу него и мнозинството советници на кое припаѓа градоначалникот на општина Радовиш - **Герасим Конзулот**. Подносителот смета дека градоначалникот на општината Радовиш, го злоупотребил својот авторитет и законските влијанија кој ги има согласно законот, на локално ниво во МВР, влијаел кај припадниците на МВР да биде ставен во нееднаква, дискриминирана и понижувачка положба - советникот [redacted] кој самостојно и независно делувал во донесување на одлуките во општината Радовиш, надвор од мнозинството на кое припаѓа градоначалникот. Изразените политички разлики и заладувања во односите на релација: градоначалник – советник, зачестените полициски контроли на припадниците на МВР, во временска рамка, упатуваат на вмешаност на градоначалникот во ваквите притисоци, што го прават тврдењет на [redacted] веројатно и вистинито. Но добиениот материјал од страна на МВР ОВР Радовиш ги демантира ваквите тврдења и дава поинаква слика за овај настан што дава веројатност за законито и професионално однесување на припадниците на МВР, ПО за БПС при ОВР Радовиш. Имено од извршените проверки за [redacted], во евиденциите на ОВР Радововиш, во период 2018 -2021 година е констатирана следната состојба:

Поднесени се 5 ( пет ) прекршочни налози за сторени сообаќајни прекршоци, во паричен износ од 15 – 40 евра во денарска противвредност за сторени сообраќајни прекршоци.

КСЗД, сметаше дека наводите од претставката и приложените докази на МВР, ОВР Радовиш, го прават тврдењето на подносителот **не-веројатно**.

На 15.04.2021 Комисијата согласно чл. 24, ст. 7 и чл. 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација достави Известување бр. 0801-3/2 до МВР, ОВР Радовиш, со барање за писмено произнесување по наводите од претставката, во рок од 15 дена од приемот на известувањето.
На 02.06.2021 до КСЗД беше доставено писмено произнесување на МВР, ОВР Радовиш по предметната претставката од [redacted]

Согласно наведеното, КСЗД, смета дека во конкретниот случај **нема повреда** на правото на еднаквост, односно припадниците на МВР ОВР Радовиш во својство на полициски службеници **не извршиле дискриминација** врз основа на национална, етничка, расна или политичка основа во смисла на Законот за спречување и заштита од дискриминација и од тие причини одлучи како во диспозитивот на ова мислење.

Согласно чл.21 став 6 од ЗСЗД дава општа препорака за прашања од областа на еднаквоста и не – дискриминацијата.

**ПРЕПОРАКА**

КСЗД, постапувајќи по претставката на [redacted], согласно своите надлежности регулирани во ЗСЗД чл.21, ст. 6, препорачува до градоначалникот на општина Радовиш - **Герасим Конзулов** и МВР - ОВР Радовиш, да ги превземат сите неопходни мерки и активности во рамките на своите законски надлежности и овластувања, да превенираат и спречат секаков вид на евентуално нееднакво и дискриминаторско однесување на просторот каде ја имаат легитимната власт. Имајќи во предвид дека, незадоволството и разочараноста кај подносителот [redacted] го предизвикало и поттикнало да поднесе претставка до КСЗД, за кое имаме сериозно разбирање и особено внимание.

**Виктимизацијата** е дел од широката палета, надлежности на КСЗД, која претставува: ,,*Трпење на штетни последици на лице кое пријавило дискриминација*''. КСЗД согласно законските надлежности, со посебна програма за мониторинг како дел од стратешка цел на КСЗД, будно ќе ги следи однесувањата на посочените потенцијални дискриминатори, врз лица кои поднеле поднесок за можна дискриминација до КСЗД, независно дали, аргументите и фактите содржани во претставката на подносителот прават **веројатност** или **не**!.

Врз [redacted] - општина [redacted] во наредниот период од страна на КСЗД, ќе има изработено програма за мониторинг и следење, поради евентуална можност од појавата на **Виктимизација,** предизвикана од засегнати страни во преставката.

Доставено до: 1. Архива,

2. Подносителот - [redacted]

3. МВР ОВР Радовиш,

4. Градоначалник на Општина - Радовиш: **Герасим Конзулов**

Скопје
17.06.2021

**Комисија за Спречување и Заштита од Дискриминација**

**Претседателка**
**Весна Бендевска**

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Скопје